**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ НА ПРИЈАВЕНИ КАНДИДАТИ**

**ПРИ ОБЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ИОРРСМ**

Со ова известување за приватност, Ве информираме за начинот на кој што ги собираме, обработуваме, чуваме, споделуваме и постапуваме со Вашите лични податоци.

- Во својство на Контролор кој што ги обработува Вашите личните податоци се јавува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, со седиште во Скопје на ул. 11-ти Октомври бр. 52А/1 - 3, контакт телефон: (02) 3227-599, 072 268 068.
- Ги обработуваме оние лични податоци кои ги имате наведено во личната биографија како и податоците содржани во друга документација што сте ја доставиле во прилог по однос на огласот.
- Ги обработуваме податоците како: име, презиме, матичен број, датум на раѓање, адреса на живеење, адреса за е-пошта, телефонски број.

**Кој е правниот основ за обработка на личните податоци?**

Вашите податоци, ги добиваме доброволно од Вас како Субјект на личните податоци кога се пријавувате на објавен оглас за вработување во ИОРРСМ со што ги ставате на располагање личните податоци, а заради исполнување на заедничките преддоговорни, договорни и /или легитимни интереси.

**Кој може да ги види моите лични податоци?**

Вашите податоци се видливи само за оние вработени кај Контролорот одговорни за процедурата на избор на кандидати.

**Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Офицерот за заштита на лични податоци кој можете да го добиете телефонски: (02) 3227-599, 072 268 068 или преку е-пошта до: admin@iorrm.org.mk.

**Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Во секое време можете да побарате менување на личните податоци, доколку сметате дека податоците кои ги обработуваме се неточни и/или е потребно ажурирање, како и доколку ваквото ажурирање е неопходно и во согласност со законските прописи.

**Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Времето на чување на Вашите лични биографии е следно:

• За неизбраните кандидати – 12 месеци

• За избраните кандидати- 12 месеци

**Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање на е-пошта: admin@iorrm.org.mk кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на сопствените и/или заеднички интереси.

Вие исто така можете да приговарате на обработка и кога работењето е незаконско и/или кога вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, по приговорот нема да може да се постапи кога тоа не е можно согласно законските прописи.

**<u>Дали можам да ги избришам моите податоци</u>?**

Вие имате право да побарате да ги избришеме вашите податоци во секое време со испраќање на барање преку е-пошта до: admin@iorrm.org.mk кога сметате дека обработката е незаконска.

**<u>Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?</u>**

Вашите податоци се чуваат кај Контролорот. Податоците не ги споделуваме со ниту едно друго лице. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, претходно ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

**<u>Дали имам право на приговор</u>?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во било кое време со испраќање на барање на admin@iorrm.org.mk , кога за тоа имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**<u>Што можам да направам во случај на проблем</u>?**

а. Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до contact@iorrm.org.mk и да побарате да преземе акција со контактирање на Офицерот за заштита на личните податоци.

б. Во секое време, доколку не сте задоволни од одговорот, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk. која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

Доколку ви се потребни подетални информации за тоа кои лични податоци се обработуваат од страна на Контролорот, доколку сакате истите да ги промените, или да ја запреме понатамошната обработка, доколку тоа го дозволуваат законските прописи и исполнувањето на договорните односи, може да ни се обратите на контакт телефонскиот број (02) 3227-599, 072 268 068 и/или преку Офицерот за заштита на лични податоци, како лице за контакт на е-пошта admin@iorrm.org.mk .